РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 Бр.08-261
04.05.2018 година
Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 20 став 1 алинеја 10 и член 70 став 7 и став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот на Советот, бр.02-2228/3 од 04.05.2018 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-08/1 од 09.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 09.01.2018 година, со дополнување на 26.01.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, на 23-та седница одржана на 04.05.2018 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-08/1 од 09.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 09.01.2018 година, со дополнување на 26.01.2018 година), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или друг вид на програмски сервис од општ формат, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, поради тоа што со Студијата бр.03-1958/3 од 25.04.2018 година се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или друг вид на програмски сервис од општ формат, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, затоа што условите на пазарот не овозможуваат одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч, а исто така и неговите изгледи да постигне одржливост на работењето во догледна временска рамка се минимални.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 09.01.2018 година, доставено е Писмено барање од заинтересирана страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-08/1 од 09.01.2018 година

(наш Уп1 бр.08-10), за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс (Прилог бр.1 кон оваа Одлука).

По повод Писменото барање од заинтересираната страна, а со цел да се добие информација дали согласно Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс има слободни капацитети, односно дали може технички веднаш да започне со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10.01.2018 година, се обрати со Допис - Известување со барање информација (наш Уп1 бр.08-10) до Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје (Прилог бр.2 кон оваа Одлука).

На 15.01.2018 година, Агенцијата се обрати и до Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип со Допис – Барање податоци Уп1 бр.08-10, со кој побара ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип да го дополни Барањето за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, со податоци за нивото на емитување (државно, регионално или локално) и со податокот за форматот на програмскиот сервис (Прилог бр.3 кон оваа Одлука).

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26.01.2018 година, доставен е Допис – Достава на барани податоци бр.03-114/1 од 24.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 26.01.2018 година), во кој Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип како заинтересирана страна ги достави горенаведените побарани податоци за нивото на емитување (државно, регионално или локално) и за форматот на програмскиот сервис, односно ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е заинтересирана страна за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или друг вид на програмски сервис од општ формат, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (Прилог бр.4 кон оваа Одлука).

Во врска со барањето информација за слободни капацитети, односно во врска со тоа дали може технички веднаш да започне со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво, на 02.02.2018 година, Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Допис - Доставување на побарана информација бр.10-629/1 (наш Уп1 бр.08-10), со кое ја извести Агенцијата дека „...ние како оператор на дигитални терестријални мултиплекси сме во состојба да започнеме со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво, штом биде завршена постапката за доделување на дозвола за дигитално терестријално емитување на државно ниво од Ваша страна“ (Прилог бр.5 кон оваа Одлука).

Во член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е утврдено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции, или капацитети Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката. За да ги утврди потребите на публиката за телевизиско или радио емитување во соодветната сервисна зона, како и за видот, односно форматот на програмските сервиси за кои треба да се објави конкурсот, Агенцијата може да спроведе јавно истражување.

Согласно Законот за јавните набавки, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе постапка за избор на Агенција којашто ќе ја изработи Студијата со која ќе се утврди дали постои оправданост за објавување конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. По завршувањето на постапката, на 13.03.2018 година беше склучен Договор за јавна набавка – изработка на Студија со Друштвото за маркетинг и консалтинг „МАРКЕТ ВИСИОН“ ДООЕЛ Скопје (наш арх.бр.03-1172/1). Согласно обврската преземена со овој Договор, Друштвото за маркетинг и консалтинг „МАРКЕТ ВИСИОН“ ДООЕЛ Скопје ја изработи и на 25.04.2018 година ја достави во

архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги финалната верзија на „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс", наш арх.бр.03-1958/3 од 25.04.2018 година. Студијата е објавена на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26.04.2018 година.[1]

Имено, Студијата содржи воведен дел, дел во којшто е објаснета методологијата што е применета при изработка на истата, како и други посебни делови.

Во делот „Економска Анализа" опфатено е анализирањето на макроекономската ситуација во Република Македонија, начинот на дефинирање на релевантниот пазар, анализа на севкупниот телевизиски пазар во Република Македонија, анализа на пазарот на телевизиско емитување на државно ниво преку терестријален предавател, анализа на искористеноста на рекламното време, трендови во телевизиската индустрија во Македонија и во светот, процена на концентрацијата на пазарот преку научни методи за мерење на концентрација во медиумската индустрија, компаративна анализа на состојбите во медиумскиот пазар кај земјите од регионот и финансиска анализа на потенцијалната инвестиција во телевизија на државно ниво преку терестријален предавател.

Делот „Анализа на постоечката медиумска состојба на програмските формати на телевизиите на државно ниво преку терестријален мултиплекс" се однесува на анализирана структурата на програмата според медиумската функција која телевизиите на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс, ја пријавиле во програмските концепти при добивањето на дозволата, и делот „Анализа на потребите на публиката, задоволството и квалитетот од програмските содржини" во кој дел анализирани се резултатите од истражувањето на мислењето на публиката спроведено по нарачка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 17.11.2017 година до 12.12.2017 година.

Секој од овие три дела завршува со посебен заклучок до којшто се доаѓа врз основа на сознанијата добиени од анализата на податоците во тој дел од Студијата. Тие се сублимирани во делот „Извршното резиме", каде што, покрај другото, е утврдено дека:

„Примерите од регионот, со поразвиени економии и телевизиски пазари посочуваат на помал број на национални комерцијални телевизии кои емитуваат преку терестријален предавател, односно помал број на канали во однос на бројот на жители. Споредено со нивниот пример Република Македонија на пазарот нема голем простор за нови потенцијални конкуренти а истовремено истиот да овозможи нивна економска одржливост и економска одржливост на останатите учесници на пазарот.

Прагот на рентабилност кој треба да го достигне било кој нов учесник на пазарот за да работи без загуба е 10,4% од постоечкиот пазар. Доколку толкав процент од продажбата изгуби секој од учесниците на пазарот сите ќе завршат со негативен финансиски резултат а дел од нив кои веќе имаат сериозни проблеми сигурно ќе ја изгубат својата одржливост.

Анализата на програмските формати на телевизиите упатува на недостаток на повеќе и поразновидни програмски содржини на различни теми кои ќе исполнуваат образовна медиумска функција.

Од аспект на потребите на публиката според наодите од спроведеното истражување, публиката пројавува најмногу интерес за нова телевизија со специјализиран формат со забавна функција која би емитувала филмска програма или

---

[1] „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс", наш бр.03-1958/3 од 25.04.2018 година, објавена е на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26.04.2018 година и достапна е на следниот линк:
http://avmu.mk/wpcontent/uploads/2017/06/%D0%A1%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%D0%BD%D0%B0%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BA%D1%83%D1%80%D1%81%D0%A2%D0%92%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%BE.pdf

спорт, како и за специјализирана телевизија со образовна функција која би емитувала документарна програма. Доколку економските услови би биле исполнети најсоодветно би било да се даде препорака за доделување на дозвола за телевизија со општ формат која ќе исполнува претежно образовна функција или пак телевизија со специјализиран формат која ќе исполнува забавна функција.

Крајна препорака е да не се објави конкурс затоа што условите на пазарот не овозможуваат одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч, а исто така и неговите изгледи да постигне одржливост на работењето во догледна временска рамка се минимални".

Последниот дел од Студијата - „Заклучоци и Препораки" ги обединува сознанијата од сите три анализирани аспекти и врз основа на тоа е утврдено дека: „Крајна препорака е да не се објави конкурс затоа што во услови на пазар кој е во опаѓање и стагнантна економска ситуација и изгледите за одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч сериозно би се намалиле, а за најмалку два постојни учесника може да биде и фатално. Исто така изгледите на новиот учесник на пазарот да постигне самоодржливост во догледна временска рамка од пет години се минимални".

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 20 став 1 алинеја 10 и член 70 став 7 и став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот на Советот, бр.02-2228/3 од 04.05.2018 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-08/1 од 09.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 09.01.2018 година, со дополнување на 26.01.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, донесе одлука истото да се одбие, поради тоа што со Студијата бр.03-1958/3 од 25.04.2018 година се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или друг вид на програмски сервис од општ формат, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, затоа што условите на пазарот не овозможуваат одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч, а исто така и неговите изгледи да постигне одржливост на работењето во догледна временска рамка се минимални.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

____________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилози (5):**

1. Писмено барање од заинтересирана страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.03-08/1 од 09.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 09.01.2018 година);
2. Допис - Известување со барање информација (наш Уп1 бр.08-10 од 10.01.2018 година) до Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје;
3. Допис – Барање податоци Уп1 бр.08-10 од 15.01.2018 година, до Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

4. Допис – Достава на барани податоци бр.03-114/1 од 24.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 26.01.2018 година) од Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
5. Допис - Доставување на побарана информација бр.10-629/1 од 02.02.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 02.02.2018 година) од Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).

Трговско радиодифузно друштво
24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Бр. 03-08/1
09.01. 2018 год.
Подружница Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05. 01. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 10 | | |


24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524 ; 60 90 024
web: www.24vesti.mk
e-mail: desk24@vesti.mk , marketing@24vesti.mk
ЕДБ:МК 4030008051209; Ж. с-ка: 210064299470169; Тутунска Банка


ДО:
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.3
1000 Скопје

[illegible]

ПРЕДМЕТ: Барање за доделување на дозвола за телевизиско емитирање на програмски сервис на терестријална телевизија

ОД:
Трговско радиодифузно друштво 24 Вести ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. "Железничка" бр. 12, Штип, застапувано од Управителот Зоран Анастасовски

Почитувани,

Согласно член 70 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го поднесуваме ова писмено Барање до Агецијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија за издавање на дозвола за телевизиско емитирање на програмски сервис на терестријална телевизија.

ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е програмски сервис кој емитува телевизиска програма преку сателит, па со оглед на природата на ресурсот што се користи за емитување на програмата, во однос на достапноста до крајните гледачи, сметаме дека доколку нашата телевизиска програма се емитува терестријално, значително ќе се зголеми бројот на наши гледачи, со што граѓаните на Република Македонија ќе се здобијат со поголема можност за избор на точна и навремена информација.

Програмскиот сервис 24 ВЕСТИ е медиум кој веќе со години известува професионално и балансирано, на што укажуваат и Извештаите што Агенцијата редовно ги подготвува, утврдени со извршените мониторинзи, како и многубројните Извештаи изготвени од субјекти кои вршат истражувања од областа на работењето на медиумите во Р. Македонија.

Покрај ова, сите наши анализи укажуваат на големата доверба која ја поседуваме кај гледачите, а анализите од агенцијата која врши мерење на гледаноста на медиумите во Р. Македонија покажуваат постојан пораст на нашата гледаност. Тоа говори за

24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524 ; 60 90 024
web: www.24vesti.mk
e-mail: desk24@vesti.mk , marketing@24vesti.mk
ЕДБ:МК 4030008051209; Ж. с-ка: 210064299470169; Тутунска Банка

посветеноста и мотивираноста на тимот во 24 Вести да создаде високо професионален медиум, чија примарна задача ќе биде содржајна, точна и балансирана информација, но и постојано надоградување на тематиката што се обработува преку анализи, истражувања, емисии и дебати, како основен предуслов за создавање силен и професионален медиумски амбиент во земјата.

Телевизијата 24 ВЕСТИ од Ноември 2016 година е сместена во нови простории, со нови студија дизајнирани по светски професионални стандарди и софистицирано опремени со висока техничко – технолошка опрема. Програмата на телевизијата е збогатена со нови програмски содржини, кои дополнително ја зголемуваат гледаноста и разноликоста на публиката која не следи.

Во досегашното наше работење успеавме да изградиме бренд кој е широко распространет и препознатлив, а нашиот професионализам е докажан и со многубројните награди по разни основи од нашето работење.

Сметаме дека сосема ја заслуживме искажаната доверба од нашите гледачи, но дека имаме капацитет за постојано да ја надградуваме и проширувaме довербата. За природниот прогрес на нашата телевизија, сметаме дека е неопходно да имаме и дозвола за терестријално емитување на нашите програмски содржини, што без сомнение ќе ги оправда нашите и Вашите очекувања за еден програмски сервис од ваков вид.

Регистрираниот формат на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е: телевизиски програмски сервис со претежно информативен општ формат.

Ве замолуваме да постапите согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во законските предвидените рокови да не известите за нашето Барање.

Со почит,

Штип 09.01.2018г.

За ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

Трговско радиодифузно друштво 1 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Подружница-Скопје

Зоран Анастасовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје

За г-дин Мислав Галер, извршен директор

Бр. 08-10

Скопје 10.01.2018 г.

Предмет: Известување со барање информација

Почитуван,

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна барање за доделување дозвола за дигитално терестријално емитување на телевизиски програмски сервис од 24 Вести Штип со наш арх. број 08-10 од 09.01.2018 година.

Пред да постапиме согласно член 70 точка 6 од наведениот Закон, Ве молиме да не известите во најскоро време за тоа дали Вие како оператор на дигиталните терестријални мултиплекси сте во состојба технички веднаш да почнете со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво.

*Изработил: Татјана Куневска*
*Одобрил/Контролирал: м-р Арбен Саити*

*Согласна: м-р Драгица Љубевска*

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги

Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и
аудиовизуелни
медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.08-10

Скопје 15.01.2018г.

**До: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип**
**За: Зоран Анастасовски, управител**

**Предмет: Барање податоци**

Почитуван господине Анастасовски,

Во врска со „Барањето за доделување на дозвола за телевизиско емитирање на програмски сервис на терестријална телевизија" (наш бр.08-10 од 09.01.2018 година), Ве известуваме дека е потребно да го дополните Барањето со следните податоци:

1. Нивото на емитување (државно, регионално или локално) и

2. Форматот на програмскиот сервис. Имено, во Барањето коешто го доставивте до Агенцијата е наведен податок само за форматот на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (телевизиски програмски сервис со претежно информативен општ формат), но не и за форматот на телевизијата на која се однесува Барањето. Начинот на определување на форматите е утврден во Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (бр.01-5776/1 од 21.11.2014 година), достапен на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

Изработила: Катерина Доневска
Контролирала и одобрила: м-р Магдалена Д. Довлева

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување од директорот,**

**м-р Магдалена Д. ДОВЛЕВА**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2000

Секто / за Одлуки

24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524; 60 90 024
web: www.24vesti.mk
e-mail: desk24@vesti.mk, marketing@24vesti.mk

Трговско радиодифузно ...
24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Бр 03-114/1
24.01.2018 год
ШТИП

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.01.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 10 | | |

ДО:
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Р. Македонија
Ул. Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38,
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Достава на барани податоци со Ваш бр. 08-10 од 15.01.2018г.

ОД:
Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, ул. Железничка бр. 12 Штип, застапувана од управителот Зоран Анастасовски

Почитувани,

Согласно Вашето Барање на податоци со бр. 08-10 од 15.01.2018г., Ве известуваме дека телевизијата 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е заинтересирана за доделување на дозвола за ТВ емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и тоа за следниот формат:

**Општ формат со претежно информативен општ формат**

Доколку Агенцијата спроведе јавно истражување за утврдување на потребите на граѓаните и при тоа утврди дека постои потреба за некој друг вид на програмски сервис од општ формат, Ве известуваме дека ние би биле заинтересирани и за некој друг претежен формат.

Ве замолувам оваа информација да ја евидентирате во рамките на Вашите овластувања, секаде каде што е неопходно.

За било која друга информација, стоиме на располагање.

Со почит,

За 24ВЕСТИ ДООЕЛ Штип,

Скопје 24.01.2018г.

Зоран Анастасовски

24 ВЕСТИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.02.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 10 | | |

Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје
Бр. 10-629/1
02-02-2018
Скопје

vip

До:
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38
1000, Скопје

Скопје, 31.01.2018

**Предмет: Доставување на побарана информација по Ваш Допис, арх.бр.08-10 од 10.01.2018**

Почитувани,

По однос доставеното барање за информација, Ваш Допис арх.бр.08-10 од 10.01.2018, сакаме да Ве известиме дека ние како оператор на дигитални терестријални мултиплекси сме во состојба да започнеме со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво, штом биде завршена постапката за доделување на дозвола за дигитално терестријално емитување на државно ниво од Ваша страна.

Оне.Вип ДООЕЛ Скопје стои на располагање за било какви дополнителни информации.

Со почит,

Мислав Галер, п.п.
Извршен директор

Златко Стојчески, п.п.
Раководител за корпоративни и правни прашања

vip
Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје

Проверил и одобрил:
Владимир Ристевски
Раководител на сектор за регулатива и интерконекција

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-265
07.05. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за исправка на техничка грешка**

1. Се врши исправка на бројот под кој е заверен управниот акт - Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестеријален мултиплекс Уп1 Бр.08-261 од 04.05.2018 година, на начин што наместо постојниот број на заверка “Уп1 Бр. 08-261„ треба да стои Уп1 Бр.08-265.

2. Забелешката за исправката, наведена во став 1 на ова Решение, се запишува во оригиналот на предметната Одлука.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на влегувањето во сила на Одлуката на која се врши исправка, а е наведено во став 1 на ова Решение.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 04.05.2018 година донесе Одлука за одбивање на барањето од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестеријален мултиплекс со Уп1 Бр.08-261. При заверката на наведената Одлука сторена е очигледна техничка грешка/неточност, односно при заверката на предметот, наместо со Уп1 Бр.08-265, предметот е заверен со Уп1 Бр.08-261. Со цел да се изврши исправка на сторената техничка грешка, во оригиналот на предметната Одлука Уп1 Бр.08-261, потребно е да се внесе исправка, на начин што на постојаниот заверен „Уп1 Бр.08-261„ ќе се внесе точниот Уп1 Бр.08-265“.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.